Бр./Nr 09-1785/2

30-09-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 40 став 2 од Деловникот за работа („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 38-та седница, трето продолжение одржана на ден 14.09.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-1785/1 од 07.03.2019 година, доставена од непознат СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија нема доволно елементи за да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси против службеното лице ------------- – Директор на -----------------, согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-1785/1 од 07.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Оформен е предмет со број 09-1785/1 од 07.03.2019 година врз основа на анонимна пријава во која има наводи за судир на интереси при постапка за вработување на синот на Директор на --------------- во Основно училиште во с. ------------ како секретар и девојката на синот во Детска градинка -------------. Понатаму е објаснето дека Директорот на -------------- е сообраќаен инженер по професија. Во пријавата е наведено дека на наведениот директор му е доделено службено возило со кое оди во село.

Поради фактот што во пријавата нема податоци за името на синот на службеното лице ------------, Државната комисија направи увид во Анкетниот лист кој го има доставено истиот, во кој во графа 3 во делот во кој се доставуваат податоци за членови на семејството што живеат во семејна заедница, а кои поседуваат имот го нема пријавено својот син. Пријавата која е доставена е анонимна и Државната комисија не може да побара допрецизирање. Врз основа на вака констатирана фактичка состојба нема доволно податоци за да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Понатаму во однос на делот од пријавата во кој е наведено дека Директорот на ------------- е сообраќаен инженер по професија, односно има несоодветно образование за функцијата која во моментот ја извршува, согласно член 5 став 3 точка 3 од Законот за просветна инспекција стои дека Директорот на ----------------- треба да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, односно нема ограничување за видот на образование кои го поседува, додека во член 5 став 3 точка 4 од истиот закон стои дека во

однос на работното искуство Директорот треба да има минимум пет години педагошко работно искуство во воспитанието и образованието кое службеното лице го поседува согласно од биографијата на службеното лице објавена на страната на --------------------.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М. –Виш соработник
Одобрил: Г.Т. Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**